**ЕТИЧКИ КОДЕКС НА ФЕРШПЕД АД Скопје**

**Декември 2021**

## 1. Прелиминарна изјава

Овој Етички Кодекс (во натамошниот текст: Кодекс) ги воспоставува основните принципи во работењето, кои се предикатив за лојално, професионално и етичко работење, а оттаму неопходно е етаблирањето на основните очекувани и претпоставени одредби кои се однесуваат на работата и однесувањето на вработените во Друштвото кои со своите постапки, активности и однесување, го претставуваат ФЕРШПЕД АД-Скопје во поширокaта јавност.

Овој Кодекс дава упатства и одредници за етичките и професионалните стандарди на Друштвото. Секое непочитување и прекршување на овие одредби може да биде санкционирано.

## 2. Основни принципи

### 2.1Независност

ФЕРШПЕД АД Скопје како акционерско друштво е независен во остварувањето на своите цели и задачи утврдени со позитивните законски прописи кои се на сила во општествениот систем, притоа вработените мора да го почитуваат, применуваат начелото на самостојност и независност во своето работење и како основен принцип да се отсликува во нивната секојдневна работа – независноста, непристрасноста и професионалноста. Работниците не смеат да примаат или да бараат како и да преземаат активности или на друг начин да постапуваат по насоки и укажувања од претставници на друго правно лице.

Секое загрозување на независноста на работењето на Друштвото, од страна на вработените, може да биде соодветно санкционирано.

### 2.2Еднаков третман, не-дискриминација и професионалност

ФЕРШПЕД АД Скопје ќе постапува кон своите вработени и кон своите соработници, комитенти со крајна непристрасност, не-дискриминација и еднаквост во третманот. Професионалноста на вработените во текот на исполнување на своите работни обврски нема на никој начин да бидат попречени од нивните лични ставови, предрасуди и интереси, исто така забранети се секакви критики и забелешки во поглед на компетентноста на работењето на колегите и соработниците, расата, бојата на кожата, вероисповед, пол, возраст, здраствена состојба или политичко убедување, имотна состојба, сексуална ориентација или друго лично убедување на поединецот.

Вработените во односот кон својата работа и угледот на Друштвото, треба да пристапат со особена почит и соодветно да се однесуваат. Ова подразбира исклучително уреден и пристоен деловен изглед, професионално однесување и соработка, прифаќање на конструктивни критики исклучиво упатени кон работата и конкретни укажувања и предлози за подобрување на истата, меѓусебен колегијален однос и толеранција.

Секое однесување, постапување спротивно на гореукажаното непосредно влијае на репутацијата и угледот на Друштвото и претставува сериозна повреда на неговиот интегритет и директтно влијае на рејтингот на друштвото во општествениот живот.

**2.3Совесност, ефикасност и одговорност**

Од вработените, се очекува да ги извршуваат поставените задачи и обврски совесно, навремено, ефикасно и одговорно. Ова подразбира нивно залагање со сериозен професионализам и соработка со комитентите и колегите, културен и етички дух на соработка и лична заложба за ефикасност во спроведување на своите одговорности. Вработените треба да се однесуваат на начин кој ќе ја одржи и зголеми довербата на сегашните и идни коминтенти.

Вработените во компанијата се должни да се придржуваат кон највисоките стандарди на однесување, интегритет и чесност во секој контакт со постојните и потенцијални коминтенти, и со тоа да дадат целосен придонес во градењето на угледот, ефикасноста, профитабилноста и квалитетот во работењето на ФЕРШПЕД АД Скопје.

**2.4Правна и етичка усогласеност**

Секој вработен е должен во својата работа да се усогласи со позитивните прописи на Р.С Македонија како и со интерните акти и етичките стандарди на Друштвото. Секој вработен е одговорен за своите професионални постапувања во делокругот на своите работни задачи и одговорности.

Колективот во ФЕРШПЕД АД Скопје е должен да работи согласно законските и подзаконските акти кои го регулираат работењето на друштвото согласно шифрата на дејност за која е регистрирано истото, како и во согласност со Статутот на ФЕРШПЕД АД Скопје.

Секој вработен во компанијата е должен да овозможи непречена контрола и ревизија на неговото работење како внатрешна така и од овластени надворешни органи.

Вработените не смеат да помагаат во кршењето на законските одредби, ниту да прикриваат кршење на законитоста, а доколку забележат, должни се писмено да го известат непосредниот раководител кај

работодавачот.

Етичката усогласеност подразбира почитување на стандардите за професионален изглед и однесување, колегијалност и љубезност.

Секој вработен во односот со своите колеги и соработници треба да одржува професионален и културен однос. Секое вулгарно, грубо и некултурно однесување од страна на вработените може да биде санкционирано.

## 3. Останати професионални и етички принципи

### 3.1Етички однос кон работите и класифицираните податоци и информации на Друштвото.

Вработените треба да се однесуваат со интегритет и дискреција при изнесување на податоците со кои се сретнуваат во делокругот на своето работење согласно степенот на доверливост на податоците.

Вработените треба да постапуваат со особено внимание и дискреција кон сите информации и документи кои ги добиле во текот на нивното работење, особено внимание да посветуваат на односот кон своите соработници.

Во вршење на професионалните обврски вработениот е должен да се однесува културно, професионално и учтиво во секое време и во целокупната комуникација, усна или писмена кон сите комитенти како и во меѓусебните односи со работодавачот и колегите.

Колективот на ФЕРШПЕД АД Скопје треба да се воздржува од било какво дејство кое може да го дискредитира или компромитира угледот на ФЕРШПЕД АД Скопје.

Сите знаења стекнати со редовно школување, образование или со дополнителни усовршувања, вработените се должни да ги употребат во извршувањето на своите работни задачи, со што ќе придонесат во унапредување на работењето и професионалноста во делокругот на ФЕРШПЕД АД Скопје, како и да покажат редовен интерес и иницијатива за усовршување и зголемување на стручноста во своето работење.

### 3.2 Подароци и друг вид корист

За извршените работни задачи во делокругот на своето работење, односно за последиците настанати како резултат на активностите од страна на вработените, истите, спротивно на одредбите од овој кодекс е да примат односно прифатат било каква корист, финансиска или нефинансиска награда, надоместок или друг вид на подарок.

Принципот на независност, сериозно се прекршува при секое вакво однесување од страна на вработените, што претставува сериозна повреда на функционалноста, ефикасноста и угледот на Друштвото.

Вработенито кој ќе прими поткуп е директно одговорен во рамки на

позитивните законски прописи на Р.С Македонија.

### 3.3 Дополнителни надворешни активности и работни ангажмани

Дополнителни активности од културен, научен, едукациски, спортски, религиски, социјални и добротворен карактер се дозволени само во случај овие активности да не генерираат никаква лична финансиска корист за вработениот и да немаат никаков негативен импакт кон Друштвото.

Вработените несмеат да вршат дополнителни работни активности надвор од Друштвото, доколку таквите активности на некој начин ги загрозуваат принципите и интегритетот на Друштвото.

Доколку вршат вакви дополнителни активноси и работни ангажмани треба да се вршат вон работното време и на никаков начин да не придонесат кон неефикасност на вработениот во извршување на неговите задачи и одговорности кои ги врши.

### 3.4 Односи со комитенти и јавност

Пристапност, ажурност, точност и учтивост треба да се основните принципи во однесувањето на вработените кон комитентите. Вработениот ќе се осигура, во дострелот на своите можности, одговорности и достапност до информации дека на комитентот му се пласираат точните информаци кои ги бара.

Колективот во ФЕРШПЕД АД Скопје не смее да се меша во политички разговори со комитентите и во границите на овластувањата кои ги има треба да ги штити комитентите од други неетички дејства.

Вработените се должни да бидат информирани најмалку со основните информации за услугите што ги нуди ФЕРШПЕД АД Скопје во делокругот на своето работење со цел обезбедување достапност на информаци за секој и на секое место.

Колективот на ФЕРШПЕД АД Скопје е должен комитентите да ги опслужува со почит и персирање, никогаш кон нив да не се однесува супериорно, индиферентно или понижувачки.

Вработените треба мирно, сталожено и трпеливо да ги решаваат недоразбирањата и проблемите кои можат да произлезат од комуникација со комитентите во текот на соработката.

Кога вработениот како поединец јавно ја коментира работата на ФЕРШПЕД АД Скопје или настапува во негово име, неговите ставови треба да бидат во согласност со официјалните ставови на ФЕРШПЕД АД Скопје.

За секое изнесување на било какви информации за работењето на компанијата преку средствата за јавно информирање неопходно е да се обезбеди претходна согласност од органот на управување на ФЕРШПЕД АД Скопје.

### 3.5 Конфликт на интереси

Вработените во Друштвото, треба да обелоденат секакви причини и релации кои можат да придонесат до конфликт на интереси во извршување на нивните работни задачи и одговорности.

Вработениот мора да ја поддржува политиката на транспарентност и отвореност и да избегнува кофликти на интереси.

Вработените не смеат да учествуваат во работи, каде за себе или за трето лице спротивно на интересите на ФЕРШПЕД АД Скопје ќе овозможат или ќе очекуваат директна или индиректна материјална или друга корист.

Вработениот дејствува единствено и првенствено во интерес на ФЕРШПЕД АД Скопје, а не за свои лични цели.

### 3.6 Етички однос спрема ресурсите на ФЕРШПЕД АД Скопје

Вработените потребно е да пристапуваат со особена внимателност, совесност и рационалност кон ресурсите на Друштвото кои им се ставени на располагање, со цел извршување на нивните работни задачи и одговорности.

### 3.7 Промовирање на политичка определеност

Друштвото налага да се почитуваат политичките ставови и определености на сите нејзини вработени. Притоа, изрично забранува и опоменува за преземање на било какви политички активности и изнесување на гласни и радикални политички ставови за време на извршување на работните задачи во Друштвото.

Личниот аспект за политичка определба претставува една од основните права на секој човек, загарантирани со основните права и слободи на граѓаните. Сепак, овие политички ставови не смеат да бидат промовирани и презентирани на работното место, а вработените не смеат да бидат дел од официјални политички активности кои можат да ја загрозат репутацијата на Друштвото.

Принципот на независност делегира непристрасно и независно функционирање во сите делови и процеси од работењето на Друштвото и оттаму, политичките ставови на поединецот не смеат да бидат рефлектирани на неговата работа ниту пак да го загрозат угледот на Друштвото.

## 4.Имплементација и спроведување на одредбите од Етичкиот Кодекс

Генералниот директор на друштвото е одговорен за спроведување на Етичкиот Кодекс. Секој раководител во рамките на својот делокруг на одговорности е должен да обезбеди почитување на овие одредби и нивно стратешко и оперативно спроведување.

Правниот сектор ќе постапува во секој случај на етичка неусогласеност,

повреда на етичкиот кодекс или негово непочитување и неприменување. Правниот сектор во соработка со засегнатите страни и преку спроведување на потребни процеси ќе помогне за обелоденување на околностите во секој засебен случај.

Работниците, можат да пријават не-етичко однесување до Генералниот директор на Друштвото или до Директор на правен сектор. Пријавата ќе се третира со сериозна дискреција и по неа ќе се постапува ажурно, со превземање соодветни мерки и санкции.

Секое неосновано пријавување ќе се третира како непрофесионално и неколегијално однесување и соодветно ќе биде санкционирано.

**5.Преодни и завршни одредби**

Секое прекршување на овие одредби ќе се санкционира согласно Закон за работни односи, актите на друштвото и согласно општиот колективен договор на ниво на стопанството кој го почитува ФЕРШПЕД АД Скопје.

Арх.бр. 02-3774/02
01.12.2021 година

**Претседател на Одборот на директори**
**Штерјо Наков**

---------------------------------------